УДК: 94:636(495.02)"6/12"

Иле Велков
ООУ „Малина Попиванова" – Кочани
ilevelkov993@gmail.com

# СТОЧАРСТВОТО ВО ОДРЕДБИТЕ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ЗАКОН

*Апстракт.* – Сточарството од секогаш преставувало значајна гранка од која зависел опстанокот на човекот. Оваа гранка особено била карактеристична за феудалните општества, каква што била и Источната Римска Империја – Византија. Целта на овој труд е преку одредбите кои ги содржат членовите од Земјоделскиот закон да дадеме поконкретна слика за сточарството, а во исто време и да дадеме одговор на некои значајни прашања. Земјоделскиот закон е историски извор кој настанал во периодот VII-VIII век и со него се уредуваат односите помеѓу селаните во врска со земјоделството и сточарството. Речиси половина од членовите од овој закон се однесуваат на сточарството, па имајќи го предвид тоа, во понатамошниот текст ќе се обидеме да дадеме реална слика за сточарството, според одредбите од овој закон. Благодарение на овој многу значаен историски извор ние се запознаваме со селското стопанство, но и со казнените одредби пропишани со овој закон. Помеѓу другото дознаваме кои животни се одгледувале, како биле тие организирани кога се носеле на испаша, дознаваме повеќе за пастирите и робовите, како и за храната со која се хранела стоката. Од членовите од Земјоделскиот закон дознаваме дека животните биле заштитени, а сето тоа е разбирливо ако се земе во предвид фактот дека селаните не секогаш биле во можност да купат друго животно, доколку претходното било осакатено, ослепено или угинело.

*Клучни зборови.* – Земјоделски закон, сточарство, селска општина, законски одредби, стада, волови, овчарски кучиња, робови, пастири, казнени одредби, VII-VIII век.

Сточарството[1] претставувало мошне значајна земјоделска гранка во средновековното феудално византиско општество. Целта на овој труд е сточарството во Византија да биде согледано според одредбите од Земјоделскиот закон. Во прв ред да увидиме кои животни и на кои начин биле одгледувани во византиското селско стопанство.

***

Најнапред сметаме дека во интерес на темата е да дадеме краток преглед на историјатот на проучивање, тезите за преиодот на настанување, содржината и местото на настанување на Земјоделскиот закон.

Земјоделскиот закон претставува важен историски извор за земјоделството, сточарството и животот во византиските села во периодот на VII-VIII век, иако во науката има различни мислења за временскиот период во кој тој настанал. Иако некои аспекти од овој значаен историски извор сè уште се предмет на проучување и на дискусија, сепак неговата важност за нас се состои во тоа што во неговите одредби наоѓаме податоци, меѓу другото, и за сточарството во Византија, па преку ова можеме да добиеме појасна слика за сточарството во раниот византиски период.

Во науката сè уште се води спор околу времето на настанување, авторството и местот на издавање на Земјоделскиот закон или Nomos Georgikos (Νόμος γεωργικός)[2]. Овој закон најчесто се поврзува со законодавството од времето на императорите Јустинијан I (527-565), Јустинијан II (685-695 и 705-711 г.), Лав III (717-741 г.), односно се поврзува со Еклогата. Според ова се претпоставува дека тој бил издаден едновремено со неа, во 726 г., или брзо време после неа. Исто така се поврзува и со времето на императорот Константин V Копроним (741-775),[3] а како можен

[1] Повеќе за сточарството види кај: Литаврин 1984, Косминский 1951, 114, Атанасовски 2017, 22. Според податоците од изворите одделни региони во Византија биле специјализирани за одреден вид на сточарство. На пример во Тесалија се одгледувале многу добри коњи, исто така во Црна Река во близина на Адријанопол паселе крда на коњи, види повеќе Каждан 1952, 48. Значајни резултати од истражувањата за историјата на сточарството во Византија во различни периоди, даваат делата на Ферјанчиќ 1993, 35-12, Каждан 1952, 4-73, Lefort 2002, 225-305, Laiou 2002, 305-370, Dolger 1948.

[2] Детално за Земјоделскиот закон, вовед, превод, коментар види кај: Медведев 1984, 9-179; Margetić 1983, 85-122 и Koder 2020, 17-85. Во овој труд ќе ги користеме преводите на Земјоделскиот закон според делата на овие научници.

[3] Меловски 1984, 185. Повеќе за времето на настанување на Земјоделскиот закон, како и за местото на неговото настанување види кај: Margetić 1983, 85-86; Успенский 2013, 45-47; Humphreys 2015, 2 и Koder 2020, 26-33.

составувач на Земјоделскиот закон некои истражувачи го сметаат и константинополскиот патријарх Фотиј (858–867 и 877–886 г.).[4]

Некои историчари пак се на мислење дека овој закон бил донесен во времето на императорот Јустинијан II,[5] односно кон крајот на VII или почетокот на VIII век.[6]

Според својата содржина овој закон содржи голем број на членови кои се карактеристични за феудалното право, а од друга страна пак се смета дека тој во голема мера ја успорувал феудализацијата на тогашната Византиска Империја.[7]

Иако ги уредува воглавно аграрните односи и животот на село, во научните кругови е развиена полемика околу одредбите кои ги содржи Земјоделскиот закон, а заклучно со тоа и околу местото на неговото настанување. Според некои историчари одредбите од Земјоделскиот закон упатувале на локалното староегипетско право, според други тој се темелел на Јустинијановата кодификација, според трети во него во прв ред се наоѓало римското локално право со слаби влијанија од Јустинијановата кодификација. Други пак историчари во Земјоделскиот закон ги пронашле словенските влијанија, па одат дотаму дека овој закон претставува кодифицирање на словенското обичајно право со некои примеси на византиското право и дека тоа е споменик на словенското право преведен на грчки јазик.[8] Исто така некои истражувачи сметаат дека византискиот Земјоделски закон влегува во најпопуларните споменици на средновековното обичајно право на земјите од Југоисточна Европа.[9]

Земјоделскиот закон рано бил преведен на словенски јазик и долго ја зачувал својата актуелност не само кај Јужните Словени туку и кај Источните, за што сведочат повеќето преводи и инфилтрирањето на неговите одредби во некои словенски законици, смета Х. Меловски.[10]

---

[4] Humphreys 2015, 2. Некои истражувачи сметаат дека овој закон се однесува на периодот VIII-IX век. Види повеќе кај Вин 2016, 44; Косминский 1951, 103.

[5] Milović 2007, 190.

[6] Симоновић 2012, 110 и Toševa-Nikolovska 2018, 207-208. Види повеќе Острогорски 1959, 107, белешка 6 и Breje 1976, 162-163.

[7] Milović 2007, 190.

[8] Цитирано според: Margetić 1983, 86. Види и Меловски 1984, 185-186 и Milović 2007, 190. Исто така и кај Toševa-Nikolovska 2018, 207.

[9] Липшиц 1968, 53. Повеќе за теориите за потеклото на Земјоделскиот закон види кај: Humphreys 2015, 2; Toševa-Nikolovska 2018, 207-211 и Koder 2020, 26-38.

[10] Меловски 1984, 186. Повеќе за ракописата традиција за овој закон и за историографските дискусии види кај: Липшиц 1968, 53-57; Медведев 1984, 26-96; Margetić 1983, 87-88 и Humphreys 2015, 2-6.

Во науката е општо прифатено дека Земјоделскиот закон настанал кон крајот на VII или почетокот на VIII век. Покрај сите недостатоци кои ги содржи овој закон, сепак тој, претставува многу важен историски извор пред сè бидејќи е речиси осамен извор за периодот од VII-VIII век.

По неопходните воведни напомени во кои сакавме да обрнеме внимание општо на некои прашања поврзани со Земјоделскиот закон, ќе минеме на темата која е означена во насловот на овој труд; ќе започнеме со опис на членовите од Земјоделски закон и анализа на неговите членови, за да дојдеме до конечната наша цел.

Како историски извор за периодот VII – VIII век ќе се послужиме со Земјоделскиот закон за да се запознаеме со сточарството како гранка во Византиската Империја. Овој закон изобилува со податоци за сточарството, па од него и од други извори, може да се извлече заклучок дека во Византија се одгледувале разни видови на добиток, како што се: коњи, крави, биволи, камили, магариња, мазги, овци, кози, свињи и пчели.[11]

Во овој труд ќе ги анализираме оние одредби од Земјоделскиот закон во кои наоѓаме директни или индиректи податоци за сточарството. Ќе ги анализираме одредбите во кои се споменуваат видовите на животни, помошните објекти кои се користат во сточарството, одредбите во кои наоѓаме податоци за робовите и пастирите (овчари или говедари). Во понатамошното излагање предмет на анализа ќе бидат и кривичните дела, санкциите и надокнадувањето на штетите поврзани со сточарството, а за кои податоци наоѓаме во Земјоделскиот закон.

Од Земјоделскиот закон црпиме информации преку кои се запознаваме со селското стопанство, а имајќи ги предвид членовите од законот може да се заклучи дека во 41 член од него, од вкупно 85,[12] имаме податоци за сточарството. Ако се земе предвид погоре споменатиот факт може да се заклучи дека сточарството имало доста важна улога во Византија, во однос на одгледувањето на житарици. Сточарството се развивало во оние предели на Империјата кои претежно биле ридско-планински и било тешко да се одгледува житарици. Односно, поради самата конфигурација на теренот во одредени региони, како и поради сите придобивки од него, сточарството се јавило како доминантна стопанска гранка.

Податоци поврзани со сточарството во Земјоделскиот закон наоѓаме во членовите: 23 - 30; 34-55, потоа во членовите 64 и 65; во членови-

---

[11] Атанасовски 2017, 21; Lefort 2002, 252 и Dölger 1948, 188.

[12] Види: Медведев 1984, 96-128; Margetić 1983, 88-93 и Koder 2020, 42-78.

те 71-79 и во членот 85.[13] Во него не наоѓаме податоци за бројната вредност на животните или пастирите, туку преку неговите одредби доаѓаме до сознанија за тоа што и како се чувало во селските стопанства. Всушност, недоволниот податок за бројот на животни кои се одгледувале претставува голем проблем за осознавање на тоа колку животни и од кои видови најмногу се чувале во византиските села.

Од животните кои се среќаваат во членовите на Земјоделскиот закон, најзастапени се воловите. Според податоците кои ги нуди овој закон воловите се споменуваат во 15, од вкупно 85 члена. Во членовите: 23-29; 36-39; 41-45; 48 и 50-51 се споменува вол, волови или стада од волови.[14] Ова само ни го потврдува фактот дека воловите биле многу ценети во селското стопанство, пред сè поради тоа што тие биле неопходни за обработка на земјата. Според содржината на членовите 23-27 можеме да констатираме дека воловите се носеле на испаша рано наутро, биле организирани во стада, а за нив биле одговорни пастирите. Пастирот бил тој којшто ги примал воловите од нивните стопани и во текот на денот, додека биле на пасиштата, тој бил одговорен за нив. Дека тоа е така ни потврдуваат членовите 23-28. На пример, според еден член од овој закон, пастирот или чуварот требало да го покаже лешот на волот доколку тој бил убиен од волк (чл. 23). Исто така требало да внимава да не се изгуби вол од стадото затоа што во спротивно можел да одговара за тоа (чл. 24). Понатаму во Земјоделскиот закон е запишано дека, ако волот се одвоел од стадото и влезел во нива или лозје, пастирот е тој кој што ја надокнадувал направената штета (чл. 25). Доколку пастирот изгубел говедо и се заколнел дека тој со ништо не го предизвикал тоа, во тој случај тој не одговарал (чл. 26). Исто така и ако се случело вол да биде осакатен или ослепен, пастирот требало да се заколне дека тој не го предизвикал тоа за да биде ослободен од вина.[15] Во членовите 36-39 среќаваме одредби со кои доаѓаме до заклучок дека воловите, но и останатите животни кои се споменуваат во нив, биле заштитени со овој закон.

Според одредбите од членовите, ниту воловите кои се погоре спомената, ниту пак кои било животни не смееле да бидат земени за работа без знаење на нивниот сопственик и доколку тоа се случело и животното настрадало требало на сопственикот да му биде исплатена отштета. Отштетата се исплаќала во зависност од тежината на предизвика-

---

[13] Медведев 1984, 96-128; Margetić 1983, 88-93 и Koder 2020, 42-78.

[14] Медведев 1984, 105-108; 111-114 и 115-116; Margetić 1983, 90-91 и Koder 2020, 52-54; 57-61; 62 и 63.

[15] Медведев 1984, 106-108; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 52-55.

ната штета, но најчесто, две животни за едно (чл. 36) или пак едно животно за едно (чл. 37-39).[16] Значењето на животните може да се согледа и од одредбите во членовите од Земјоделскиот закон со кој се казнуваат они кои краделе животни. Според членот 41 ако некој украдел животно требало да биде камшикуван и да врати две животни за едно, а според член 42 ако некој кој имал намера да украде животно од стадото и го растурел стадото, а потоа дивите ѕверови ги нападнале и убиле животните, виновникот требало да биде ослепен.[17] Ова само ни зборува за тоа колку внимание се посветувало на заштитата на животните, пред сѐ, поради нивната намена, а најверојатно и поради тоа што селанецот не можел во секој момент да си дозволи да купи животно бидејќи некој му го украл или било изедено од волци.

Интересни се и одредбите од членот 48 во кој е забележано дека ако некој видел вол или магаре како прави штета и не го предал волот или магарето на неговиот сопственик, туку му ги исекол ушите или опашот, или пак го ослепил, сопственикот на волот или магарето требало да биде обештетен со тоа што требало да му се даде нов вол.[18] Само во случај доколку волот или магарето се обиделе да влезат во лозје и животното паднало во окопот околу лозјето или се наденало на колец, тогаш сопственикот на лозјето не одговарал кривично.[19]

Веднаш по воловите, најмногу споменувани животни во членовите во Земјоделскиот закон се магарињата. Во вкупно 8 од 85 члена од овој закон се споменува магаре или магариња. Податоци за нив има во членовите: 36, 38-39, 41, 43, 45, 50[20] и 51.[21]

Според член 36 доколку некој земал магаре без да знае неговиот сопственик и отишол со него да работи, требало на сопственикот на магарето да му ја даде својата наемнина во двоен износ, а доколку животното угинело, тогаш требало на сопственикот да му се дадат две животни за едно. За обесштетување во случај на смрт на животно предизвикана од намерно или ненамерно убиство, на сопственикот на убиеното

[16] Медведев 1984, 113; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 59-60.

[17] Медведев 1984, 110-112; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 57-58.

[18] Медведев 1984, 110-112; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 62.

[19] Медведев 1984, 116; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 63.

[20] Само во преводот на Margetić 1983, 91, во член 50 се споменува магаре додека во преводите кај Медведев 1984, 116 и Koder 2020, 63 не среќаваме таков податок.

[21] Медведев 1984, 110-114 и 116; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 57-61 и 63.

животно требало да му се даде отштета животно за животно, односно магаре за магаре.[22]

Овците кои во византиското селско стопанство биле доста распространети и значајни, во овој закон се среќаваат само во 5 од 85 члена. Во членовите: 30, 38, 45 (во овој член се споменува овен), 46 и 49[23] наоѓаме податоци за оваа значајна сточарска гранка. Иако, за разлика од воловите или магарињата, овците се среќаваат во мал дел од членовите, тоа не значи дека овчарството не било важно или не било распространето. Според член 30 ако некој украл ѕвонец од овца тој требало да биде казнет со камшикување.[24] Ако некој убил или осакатил овца додека таа правела штета во лозје, наместо да ја врати на сопственикот и да побара отштета од него, требало на сопственикот да му даде во замена друга овца. Ако роб во шумата заколел нечија овца, тогаш господарот на робот требало да ја надокнади штетата. Доколку робот при кражба на овци ги истерал овците од трлото или пак неколку овци избегале од стадото и тие се изгубиле или биле изедени од ѕверови, робот требало да биде распнат исто како убиец. Доколку некој затекнел овца како прави штета требало да му ја врати на нејзиниот сопственик, истото тоа требало да го направи и по вторпат, а доколку ја затекнел третпат тогаш било дозволено да ѝ ги исече ушите, опашот или пак да ја убие.[25]

Од други историски извори од различни историски периоди нам ни е познато дека во Византија било присутно и одгледувањето на свињи. Четирите члена од Земјоделскиот закон во кој наоѓаме податоци за свињите ни го потврдуваат фактот дека овие животни биле присутни во селските стопанства, секако исклучиво поради нивното месо. Во членовите: 45, 49, 52 и 54 од овој закон, се споменуваат свињи.[26] Она што е интересно од членовите кои се однесуваат за свињите е тоа дека доколку некој затвори туѓа свиња и таа умре, тогаш требало на сопственикот на угинатото животно да му даде како отштета две свињи. Исто така и доколку за време на зреење на плодовите или житото сопственикот на нивата имал поставено стапица и свиња се фатела во неа тој не одговарал доколку животното угинело.[27]

---

[22] Медведев 1984, 110-111; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 57.

[23] Медведев 1984, 108; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 55.

[24] Медведев 1984, 107, 111, 112 и 115; Margetić 1983, 90-91 и Koder 2020, 55, 58, 61 и 62.

[25] Медведев 1984, 111,114-115; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 58, 61-62.

[26] Медведев 1984, 112, 115-117; Margetić 1983, 91-92 и Koder 2020, 61-64.

[27] Медведев 1984, 116-117; Margetić 1983, 91-92 и Koder 2020, 64.

Кучињата отсекогаш во историјата биле оние кои им помагале на луѓето во чување на стоката, имотот, но и во ловот. Така, и во овој закон се среќаваат трите, ако така можеме да кажеме, видови на кучиња. Во членовите: 49, 52, 54, 76 и 77[28] се споменуваат обични кучиња, додека пак во членовите 55 и 75[29] се споменуваат овчарски кучиња, а во член 75 покрај овчарските, се споменуваат и ловечки кучиња.[30] Во членот 75 се споменуваат и борби на кучиња со диви ѕверови. Ваквите случки биле честа појава додека стоката се наоѓала на пасиштата, но се случувало дивите ѕверови да нападнат и ноќно време, додека стоката се наоѓала во трлите или шталите. Во членовите 49 и 52 се зборува за тоа дека доколку куче направи штета или пак се фати во стапица во сезона на жетва или зреење на плодови сопственикот на нивата не одговарал ако кучето угинало. Во членот 54 пак е забележано доколку некој затворел нечие куче и тоа угинало, тогаш требало на сопственикот на кучето да му врати две кучиња како отштета.[31] Според член 55, доколку некој убиел овчарско куче и потоа дошло до напад на стадото или на трлото од страна на диви ѕверови и се утврдело кој го убил кучето, тогаш виновниот требало да даде цело стадо овци заедно со цената за кучето.[32]

Ако некој отрул овчарско куче, се вели во член 75, се казнувал со 100 удари со камшик и на сопственикот на кучето требало да му плати двојна цена за кучето. Доколку поради ова настрадало и стадото, оној кој го убил кучето требало да ја надокнади целосно штетата. Требало да се утврди за какво куче станувало збор – доколку тоа било куче кое знаело да се бори со диви ѕверови, тогаш требало да се постапи како што е напишано претходно. Само во случај доколку се работело за обично куче, оној што ја предизвикал штетата требало да биде истепан и да ја плати штетата.[33] Доколку при борба помеѓу две кучиња сопственикот на едното од нив го удри другото куче и од тие рани тоа ослепе или умре, тогаш на сопственикот на тоа куче требало да му се надокнади штетата и тој што ја предизвикал требало да прими 12 удари со камшик.[34] Доколку некој имал силно куче и го натерал кучето да нападне друго куче послабо

[28] Медведев 1984, 115-117; Margetić 1983, 91-93 и Koder 2020, 62, 64 и 73-74.

[29] Медведев 1984, 117 и 123-124; Margetić 1983, 92-93 и Koder 2020, 65 и 73.

[30] Медведев 1984, 123-124.

[31] Медведев 1984, 115-116; Margetić 1983, 91-92 и Koder 2020, 62 и 64.

[32] Медведев 1984, 117; Margetić 1983, 92 и Koder 2020, 65.

[33] Медведев 1984, 123-124; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 73.

[34] Медведев 1984, 124; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 73.

од него и послабото куче биде осакатено или убиено, сопственикот на кучето убиец требало да добие 12 удари со камшик и да ја надокнади штетата.[35]

Само на едно место во Земјоделскиот закон среќаваме податоци за бик и тоа во член 30,[36] но сепак ова не значи дека тие не биле застапени во селското стопанство. Само за споредба, волот во однос на бикот е повеќе споменуван од причина што воловите како животни за работа биле повеќе ценети и заштитени од биковите кои биле животни кои служеле за расплод.

Во Земјоделскиот закон кога се споменуваат погоре споменатите животни, се споменуваат и стадо на животни. Во членовите 23, 25, 42, 46, 47, 55 и 75[37] имаме директно споменување на стада, додека пак членовите 26, 27, 28 и 29 според нивните содржини индиректно упатуваат на тоа дека стоката се напасувала во стада. Доколку некој кој имал намера да украде животно од стадо и стадото се раздели и ѕверовите ги убијат животните, оној кој го предизвикал ова требало да биде ослепен.[38] Од одредбите од Земјоделскиот закон може да се заклучи дека, освен што животните се напасувале како збир од стада, стадата биле заштитени и се пропишувале тешки казни доколку некој им нанел штета.

Овците, козите и кравите спаѓаат во оној тип на стока кои даваат млеко и од кои се добиваат млечни производи. Во членот 34 од Земјоделскиот закон се споменува стока за молзење. Според истиот член доколку пастирот тајно ја молзел стоката од стадото и го продавал млекото, требало да биде оставен без плата и да се истепа.[39] Од овде не можеме со сигурност да заклучиме дали се работи за овци, кози или крави, но тоа што можеме со сигурност да го кажеме е дека, покрај животните кои се користеле за работа, според законот заштитени се и животните од кои се добива млеко. Ова јасно укажува дека во селските стопанства овој вид на животни биле заштитени токму поради нивната намена.

Стоката во Византија се носела на паша, тоа го потврдува овој закон, и на тој начин таа се прехранувала. Како места за испаша на стоката, освен пасиштата, се користеле и ожнеаните ниви, за ова потврда наоѓаме во членот 78 од Земјоделскиот закон.[40] Тоа значи дека кога жет-

---

[35] Медведев 1984, 123-125; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 74.

[36] Медведев 1984, 108.

[37] Медведев 1984, 105-106, 112, 117 и 123-124; Margetić 1983, 90-93 и Koder 2020, 52-53, 61, 65 и 73.

[38] Медведев 1984, 112-113; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 59-60.

[39] Медведев 1984, 110; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 56.

[40] Медведев 1984, 125; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 74.

вата била завршена, а сламата собрана, стоката можела да се напасува и на нивите. Но според она што го содржат одредени членови од него, добиваме информација и за друг вид на храна со која се нахранувала стоката, а тоа се сеното и сламата. Покрај исхраната на стоката на пасиштата, односно покрај пасењето, стоката особено во зима се хранела со посебен вид на храна, суво сено и слама. Во член 35 наоѓаме податок за сламата како вид на храна за животните. Исто така од овде дознаваме дека доколку некој украде слама, требало на сопственикот да му врати двојна количина од она што го украл.[41] Оваа слама се добивала од житарициите кои биле одгледувани и таа се користела во прехраната на животните. Во членовите 64 и 65 наоѓаме податоци за стогови со сено и за плевни во кои се чувало сеното. Исто така според истите членови, ако некој запалел стогови со сено требало и тој да биде запален, а ако фрлел оган и запалел плевна требало да му се исече раката.[42] Сеното било добивано по пат на косење, а потоа и сушење на зелената трева, која откако ќе се исуши се пластела во форма на сењак или пак се сместувала во специјално за таа намена изградени објекти – плевни.

На животните кои се одгледувале, од добро познати причини им се закачувале ѕвончиња. Во пракса не било обичај секое животно во стадото да носи ѕвонче, обично тие биле закачувани на одредени животни. Податок за присуството на ѕвончиња наоѓаме во членот 30.[43] Присуството на ѕвончињата било неопходно, прво тие служеле за да сигнализираат каде се наоѓа стадото, а второ звукот од ѕвончињата можел да дејствува и како одбрамбен механизам против дивите ѕверови.

Бидејќи стоката се напасувала на пасиштата групирана во стада, додека таа била на пасиштата за неа биле одговорни пастирите. Во случајов станува збор за овчари и говедари за кои податоци наоѓаме во членовите од Земјоделскиот закон. Пастирите се споменуваат во членовите: 23-29 и 34.[44] Во член 34 се споменуваат и пастири наемници. Според она што може да се заклучи од законот стоката на пасиштата ја носеле и чувале пастирите. Честопати пастирите ја чувале стоката во стада составени од стока од неколку села. Пастирите ја собирале стоката рано наутро, а стадото било враќано назад кон крајот на денот. Заедно со пастирите, како што видовме од членовите на Земјоделскиот закон, стоката ја

[41] Медведев 1984, 110; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 57.

[42] Медведев 1984, 120; Margetić 1983, 92 и Koder 2020, 57.

[43] Медведев 1984, 108; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 55.

[44] Медведев 1984, 105-107 и 110; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 52-54 и 56.

чувале и кучињата, тие ја штителе и стоката и пастирите од нападите на волците и дивите ѕверови.[45]

Во Земјоделскиот закон се споменуваат и робовите. Имено, во членовите 45, 46, 47, 71 и 72 од овој закон наоѓаме податоци за нив.[46] Во членовите 45-47 се пропишани тешки казнени одредби кои се однесуваат на робовите. Имено, во зависност од прекршокот робот требало да се казни така што неговиот господар ќе ја надокнадел штетата, а ако делото е посериозно, тогаш се казнувал со распнување.[47] Според членовите од Земјоделскиот закон можеме да заклучиме дека овој закон го регулирал постоењето на робови како најниска категорија на селското население. Според овој закон може да се каже дека во периодот VII-VIII век робовите во земјоделството и сточарството како негова гранка не се користеле во голем број. Најверојатно богатите претставници на византиското селско стопанство на своите имоти поседувале одреден број на робови.[48]

Нападите од диви ѕверови врз стадата биле честа појава, а три члена од овој закон даваат податок за вакви настани. Во членовите 23, 42 и 43 имаме податоци за ова, во член 23 и 43 се споменуваат напади од волци, а во членот 42 напад од диви ѕверови.[49] Ова биле чести случаеви и не е ни чудо што вакви одредби се среќаваат во овој закон.

Погоре ги утврдивме членовите во кои среќаваме податоци за сточарството. Не зависно од тоа дали станува збор за членови во кои се среќаваат податоци за животните кои се одгледувале, за членови кои се однесуваат на храната, за членови кои се однесуваат на пастирите и робовите или пак на членови кои содржат казнени одредби, сметаме дека овој закон во голема мера ја отсликува состојбата со сточарството.

Во Земјоделскиот закон во членовите кои се однесуваат на сточарството забележани се и казнените одредби. Податоци за казнените одредби според овој закон има во сите 85 члена, додека казнени одредби поврзани со сточарството, што е во интерес на нашиот труд, наоѓаме во членовите: 23-30, 34-55, 64-65, 71-79 и 85.[50]

---

[45] Ферјанчић 1993, 36, белешка 3.

[46] Медведев 1984, 114 и 122-123; Margetić 1983, 91 и 92 и Koder 2020, 61 и 71.

[47] Медведев 1984, 114; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 61.

[48] Симоновић 2012, 115.

[49] Медведев 1984, 105-106 и 112-113; Margetić 1983, 90 и 91 и Koder 2020, 52 и 59-60.

[50] Медведев 1984, 105-108, 110-117, 120, 122-125 и 128; Margetić 1983, 90 -93 и Koder 2020, 52-55, 56-65, 71-75 и 77.

Казнените одредби кои се содржат во членовите од Земјоделскиот закон ни посочуваат дека постоеле три вида на казни со кои се казнувале прекршоците и тоа, надокнада на штетата (парична казна), телесни (камшикување, сечење раце, сечење јазик и ослепување) и смртни казни.

Телесните казни според овој закон се однесуваат на одземање на човечки животи со палење и со распнување. Според член 64, ако некој поради одмазда запалел гумно или стогови со сено или слама требало да биде запален.[51] Распнувањето како казна е предвидено за робовите и тоа според одредбите од членовите 46 и 47. Робот кој намерно ноќе крадел стадо овци од трлото, па поради тоа тие исчезнале или ги иzеделе диви ѕверови, се казнувал со распнување. Понатаму, робот кој често ноќе крадел стока и со тоа предизвикал исчезнување на стадото исто така требало да биде распнат.[52]

Како телесна казна во законот се споменува и ослепувањето. Според одредбите од членовите се работело за ослепување на двете очи, односно целосно слепило. Во врска со сточарството, со оваа казна се казнувале оние кои краделе вол од стадо па како резултат на тоа волот бил убиен од диви ѕверови, тогаш виновникот бил ослепуван.[53]

Отсекувањето на рака како телесна казна се среќава во одредбите во овој закон кои се однесуваат на сточарството и тоа во два случаи. Доколку некој фател туѓ вол во шума и го заколел и присвоил неговиот труп, се казнувал со отсекување на раката, според член 44.[54] Во вториот случај, според член 65, сечењето на рака било предвидено доколку некој фрлел оган врз сењак или во плевна.[55] Сепак, во ниту еден од овие случаи забележани во законот не се зборува за тоа која рака требало да биде отсечена, ниту како и со што таа била сечена. Некои истражувачи се на мислење дека била сечена десната рака.[56]

---

[51] Медведев 1984, 120; Margetić 1983, 92 и Koder 2020, 68; Milović 2007, 191 и Симоновић 2012, 115.

[52] Milović 2007, 191; Toševa-Nikolovska 2018, 216 и Симоновић 2012, 115; Види и: Медведев 1984, 114; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 61.

[53] Milović 2007, 192; Toševa-Nikolovska 2018, 218 и Симоновић 2012, 115. Види и: Медведев 1984, 112-113; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 59-60.

[54] Milović 2007, 192; Toševa-Nikolovska 2018, 217 и Симоновић 2012, 115. Види и: Медведев 1984,113; Margetić 1983, 91 и Koder 2020, 60.

[55] Milović 2007, 192; Toševa-Nikolovska 2018, 217-218 и Симоновић 2012, 115. Види и: Медведев 1984, 120; Margetić 1983, 92 и Koder 2020, 68.

[56] Milović 2007, 193.

Со телесна казна сечење на јазикот се казнувал пастирот кој лажно се колнел дека не бил виновен за исчезнувањето, ранувањето или ослепувањето на вол, а потоа со сведоци се докажало спротивното, односно, дека тоа дело го сторил пастирот и го криел.[57]

Камшикувањето како телесна казна е предвидено за најголемиот дел од кривичните дела забележани во членовите од Земјоделскиот закон. Нас овде, поради темата која е интерес на истражување, нè интересираат само оние одредби кои се однесуваат на сточарството. Според она што можеме да го видими, само за еден прекршок е предвидена казна од 12 удари со камшик, за останатите е предвидено 30 удари и 100 удари. Казната 12 удари со камшик е предвидена само за еден прекршок и тоа ако некој го натерал неговото посилно куче да нападне послабо куче и од тој напад второво биде повредено или угине. Освен камшикувањето на сопственикот на повреденото или угинатото куче требало да му се надокнади штетата.[58] Казната триесет удари со камшик била предвидена за сторено кривично дело според член 78. Имено, ако некој ја ожнеал својата нива, а соседите сè уште ги немале ожнеано нивите и првиот ја довел својата стока во неговата нива на испаша, и стоката направела штета на соседите, тогаш виновникот се казнувал со триесет удари со камшик. Исто така ја надокнадувал и направената штета.[59] Казната сто удари со камшик ја среќаваме во член 75. Со оваа казна според овој член се казнувал оној кој ќе отрувел овчарско куче. Покрај камшикувањето, на сопственикот на отруеното куче, требало да му се плати и парична казна во двоен износ од износот на отруеното куче.[60]

Она што можеме да констатираме од погоре произнесеното е дека сточарството во византиско време, како и денес претставувало значајна земјоделска гранка бидејќи претставувало извор на храна. Во исто врме животните служеле за транспорт, обработка на земјата, средства за егзистенција и за производство на ѓубриво.

Животни кои биле застапени и се одгледувале во византиското село, а се споменуваат во Земјоделскиот закон се: воловите, овците, ма-

---

[57] Milović 2007, 193 и Toševa-Nikolovska 2018, 217-18. Види и: Медведев 1984, 107-108; Margetić 1983, 90 и Koder 2020, 54.

[58] Milović 2007, 194 и Симоновић 2012, 114. Види и: Медведев 1984, 125; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 74.

[59] Milović 2007, 194 и Симоновић 2012, 114. Види и: Медведев 1984, 125; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 74.

[60] Milović 2007, 195 и Симоновић 2012, 115. Види и: Медведев 1984, 123; Margetić 1983, 93 и Koder 2020, 73.

гарињата, свињите, но и кучињата кои се користеле во сточарството и во ловот. Воловите се наоѓаат во најголем број од членовите на овој закон, тоа не е изненадувачки ако се земе предвид фактот дека волот бил едно од најзначајните животни, бидејќи пред сè тој се користел за обработка на земјата. Магарињата се исто така често споменувани во членовите од Земјоделскиот закон и тоа не нè изненадува, бидејќи тие биле користени од страна на селаните затоа што коњите биле многу поскапи од нив. Свињите и овците кои се споменуваат во одредени членови од овој закон пред сè биле одгледувани поради тоа што тие се извор на храна (месо, млеко и млечни производи), но овците давале волна, а исто така и ѓубриво со кое се наѓубрувале земјоделските површини. Иако само еднаш се споменува, бикот бил значајно животно кое освен како извор на храна, служел и за расплод. Кучињата имале посебно место во селското стопанство бидејќи се користеле како чувари на стадата или имотите, оделе на пасиштата со стадата и биле користени и во ловот. Животните биле организирани во стада кои се носеле на пасиштата, а за нив биле одговорни пастирите или робовите.

Како храна за животните покрај свежата трева која тие ја паселе на пасиштата, во законот ги среќаваме и сламата и сеното, а можеме да забележиме дека строгите казнени одредби биле донесени со цел да се намали нивното палење и уништување.

Земјоделскиот закон за нас во овој труд е значаен бидејќи преку неговите одредби доаѓаме до одредени сознанија за сточарството. Кои животни се одгледувале, како биле организирани кога се носеле на испаша, која е улогата на пастирите и робовите, со што биле хранети. Одредбите кои се однесуваат на сточарството ни даваат јасна слика за тоа колку животните биле заштитени и какви казнени одреди биле пропишани во врска со заштита на животните.

# ЛИТЕРАТУРА

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

*Nomos georgikos das byzantinische Landwirtschaftsgesetz: Überlegungen zur inhaltlichen und zeitlichen Einordnung: Deutsche Übersetzung*, translated by: Johannes Koder, Verlag der Österreichischen Akademie der Wissenschaften, 2020.

*Византийский земледельческий закон*, текст, исследование, коментарий подготвили: Е. Э. Липшиц, И. П. Медведев, Е. К. Питровская, под редакций И. П. Медведева, Наука, Ленинград, 1984.

*Земледельческий закон,* перевод закона: Е. Э. Липшиц, Сборник документов по социально-экономической истории Византии, ответственный редактор Е. А. Косминский, Издательство Академиа Наук СССР, Москва, 1951.

*Из жития Филарета Милостивого*, перевод: Е. Э. Липшиц, Сборник документов по социально-экономической истории Византии, ответственный редактор Е. А. Косминский, Издательство Академиа Наук СССР, Москва, 1951.

Margetić L., Zemljoradnićki zakon (Nomos Georgikos), *Zbornik pravnog fakulteta sveućilišta u Rijeci*, 3 (1982) 85-123.

## МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

Атанасовски, А., *Византинци - начин на живот*, (*лекции за студенти*), Скопје, 2017.

Вин, Юурий, Я., „Земледельческий закон"-источник правового регулирования и коллективного самосознания сельской общины в средновековной Византии, *История, культура, право в византийских провинциях, Science Journal of Volgograd State University. History. Area Studies. International Relations,* Vol. 21. No. 5, (2016) 43-54.

Dölger, F., *Aus den Schatzkammern des Heiligen Berges: 115 Urkunden und 50 Urkundensiegel aus 10 Jahrhunderten,* Volume I, Münchner Verlag, 1948.

Каждан, Александр, П., *Аграрные отношения в Византии XIII-XIVвв.*, Издательство Академии наук СССР, Москва, 1952.

Lefort, J., *The rural economy, seventh-twelfth centuries,* in. *The economic history of Byzantium, from the Seventh through the Fifteenth Century*, Volume I, edit by: Angeliki E. Laiou, Dumbarton Oaks Research Library and Collection Washington, D.C, 2002.

Липшиц, Е. Э., К истории „Земледельческого закона" в Византии и в средневековых Балканских государствах, *Византийски временник*, XXIX (1968), 53-62

Литаврин, Г., *Как са живели византийците,* Наука, София, 1984.

Меловски, Х., Видови на отпор според Земјоделскиот закон, *Историја / Journal of History*, 20.2 (1984), 185-196

Milović, Đ., Milović-Karić, G., Nomos Georgikos I zdravstvena kultura, *Acta medico-nistorica Adriatica,* Vol.5, No. 2, (2007) 189-196

Toševa-Nikolovska, D., Some Observations on the Nomos Georgikos, *Colloquia Humanistica,* 7 (2018) 205-226.

Симоновић, З., Кривична дела везана за привредни живот Византије према законима VII и VIII века, *Ekonomika: međunarodni časopis za ekonomsku teoriju i praksu i društvena pitanja,*58, 2 (2012), 110-120

Simonović, Z., Ekonomska realizacija zemljisne svojine prema Vizantijskim zakonima VII I VII veka (Ekloga I Zemljoradnički zakon), *Teme – časopis za društvene nauke*, XXXVI, 1 (2012), 321-333

Успенский, Ф. И., *История Византийской империи*, том II, Деловная книга, Екатеринбург, 2013.

Ферјанчић, Б., Сточарство на поседима светогорских манастира у средњем веку, *Зборник радова византолошког института*, XXXII, (1993), 35-125

Humphreys, M. T. G., *Law, Pover, and Imperial ideology in the Iconoclastiv Era, c.680-850. Oxford studies in Byzantium.* Oxford, New York: Oxford University Press, 2015.

Ile VELKOV
Malina Popivanova Elementary School, Kočani

## ANIMAL HUSBANDRY IN THE PROVISIONS OF THE AGRICULTURAL LAW

(summary)

In addition to numerous historical sources, Byzantium also abounded with a large number of legal monuments that were created in different periods and during the time of different emperors. Roman law is also found as a basis or part in a large number of laws passed in the Byzantine period, but often laws are also found that are a mixture of Roman law and common law. The meaning of the codes is twofold, initially they were important for the regulation of certain rules, provisions and norms, and today they are important to us because they represent extremely important historical sources.

Animal husbandry in Byzantine times, as it is today, was an important branch of agriculture because it was a source of food, but animals also served for transportation, cultivation of the land and means of subsistence. Animal husbandry with all its branches was present during the entire period of time when the Eastern Roman Empire-Byzantium existed, but unfortunately it has been researched and studied very little. Our goal is to obtain certain knowledge and data through the Agricultural Law and to be able to contribute to the study of this important branch.

The agricultural law was created in the period VII-VIII century, in addition to being almost the only source for this period, it reflects the life in this period to a certain extent and allows us to gain certain knowledge about agriculture. For us, in

this paper it is significant that through its provisions we come to certain knowledge about animal husbandry. What animals were raised, how they were organized when they were taken to pasture, what was the role of shepherds and slaves, what were they fed with. The provisions relating to animal husbandry give us a clear picture of how much animals were protected and what punishments were prescribed in connection with the protection of animals.

Animals that were represented and raised in the Byzantine village, and mentioned in the Agricultural Law are: oxen, sheep, donkeys, pigs, but also dogs that were used in livestock and hunting. Oxen are found in the largest number of articles of this law, this is not surprising if we consider the fact that the ox was one of the most important animals, because above all it was used to cultivate the land. Donkeys are also often mentioned in articles from the Agricultural Law and this is not surprising, since they were used by the peasants because horses were much more expensive than them. The pigs and sheep that are mentioned in certain articles of this law were first of all raised because they are a source of food (meat, milk and dairy products), but the sheep gave wool and also manure with which the agricultural lands were fertilized. Although it is only mentioned once, the bull was an important animal that, apart from a source of food, also served for reproduction. Dogs had a special place in agriculture because they were used as guardians of herds or properties, they went to the pastures with the herds and were also used in hunting. The animals were organized into herds that were taken to the pastures, and shepherds or slaves were responsible for them.

As food for the animals, in addition to the fresh grass that they grazed in the pastures, we also find straw and hay in the law, and we can note that the strict penal provisions were enacted all in order to reduce their burning and destruction.

The penal provisions are strictly prescribed and according to them we can see how much attention was paid to the protection of animals in agriculture. We believe that this protection is primarily due to the fact that the poor peasants could not at any time afford to buy a new animal (ox, donkey, dog, sheep or pig) if the previous one they had died as a result of someone's carelessness or intentionally was killed, maimed or blinded.

What is important for us is that with the help of this historical source and legal document, although there are still certain dilemmas and mysteries about it, we arrive at a partial picture of the agricultural economy. In relation to animal husbandry, the Agricultural Law offers more information on penal provisions, which means provisions for the protection of animals, than data on their breeding method. However, despite this, we manage to find fragments of the mosaic, which will help in further research on animal husbandry in Byzantium.